Kamnik

# Cuvée de Prestige 2014




Суво црвено вино со контролирано и гарантирано потекло; добиено е со винификација на внимателно одбрани гроздови, од сопствените насади на винаријата Камник, од сортите: Merlot (69%), Cabernet Franc (18%) и Вранец (13%). Виното се одликува со интензивна рубин црвена боја, допадлива арома на зрели плодови, црно ситнозрнесто овошје со дискретни вегетативни ноти надополнети со поттонови на црно чоколадо. Комплексноста на ова куве се должи на повеќемесечното одлежување во нови и делумно користени дабови буриња со капацитет од 225 литри. Вкусот е полн, со висока содржина на екстракт, хармонична киселост и меки сомотести танини кои му овозможуваат на ова вино потенцијал за повеќегодишно созревање во шише.

Уживајте во ова вино во комбинација со јаки сирења, специјалитети од месо и дивеч, како и зачинета храна. Препорачливо е виното да се декантира пред послужување.

Препорачана температура на послужување: 14-16°C.

**Алкохол**: 14.5% Vol.

**Полнето**: Мај 2016

**НАГРАДИ:** AWC Vienna 2016, Австрија – **Златен медал**